РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

До Државната комисија за спречување на корупцијата преку web формата на Државната комисија доставено е Барање мислење.

Државната комисија за спречување на корупцијата согласно член 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/2019) и член 41 –б од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата бр.02-3794/1 од 08.08.2019 година, бр.03-2198/1 од 12.06.2020 година, бр.02-8774/1 од 17.10.2022 година и бр. 02-3087/1 од 06.12.2024 година, го даде следното

**М И С Л Е Њ Е**

Член 2 став (3) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси го утврдува значењето на поимот „судир на интереси“: Под судир на интереси се подразбира состојба во која службеното лице има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности.

Согласно член 8 став (2) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси: „Под поимот „службено лице“ се подразбираат сите избрани или именувани лица и **вработените во јавниот сектор**.“

Со член 72 став (1) и (2) од истиот Закон е регулирано како секое службено лице треба да постапува во ситуација кога ќе се најде во состојба на судир на интереси:

Член 72 став (1) и (2)
„(1) Службеното лице во своето работење, е должно да внимава на потенцијален судир на интереси и да преземе мерки за негово одбегнување.
(2) Во случај на сомневање за постоење судир на интереси, службеното лице е должно да ги преземе сите неопходни мерки за да го спречи влијанието на неговиот приватен интерес или приватниот интерес на друго лице врз извршувањето на неговите овластувања и должности и за тоа да го извести својот претпоставен.“

Адреса: „Пресвета Богородица“ бр.3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Член 75 став (1) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси го предвидува изземањето на службените лица при постоење на судир на интереси или потенцијален судир на интереси:
„(1) Кога службеното лице ќе дознае за околности што укажуваат на постоење на судир на интереси или на потенцијален судир на интереси, е должно веднаш да побара да биде изземено и да запре со своето постапување.
(2) Службеното лице ќе биде изземено од вршењето на определено дејствие со одлука на органот во кој е избрано или именувано, односно каде што врши функции, јавни овластувања или службени должности и по барање на заинтересирано лице кое дознало за околности што укажуваат на постоење на судир на интереси или на потенцијален судир на интереси.“

Член 43 став 1 од Законот за установите (”Службен весник на РМ” бр.32/05, бр.120/05, бр.51/11 и ”Службен весник на РСМ” бр.99/22) предвидува:
„Член на органот на управување и директор на јавна установа не може да има лично, преку трето лице или по која било основа, интереси во установата кои можат да имаат какво било влијание на неговата независност и непристрасност во раководењето, односно управувањето со установата. Секој член на органот на управување, односно директор на јавната установа, се должни да го предупредат основачот на постоењето на ваков интерес кај членовите на органот на управување, односно кај директорот.“

Тргнувајќи од цитираните одредби и поднесеното барање за мислење, Државната комисија е на став:

Во однос на првата ситуација, лицето како осигурителен агент во компанија која веќе има склучено договор со детската градинка има директен финансиски интерес (провизии, бонуси или исполнување норми) таа компанија да склучува договори. Од друга страна истото лице ја извршува функцијата член на Управниот одбор на истата градинка по што како дел од управувачкиот одбор може да влијае на одлуките, одобрувањето буџети или изборот на осигурителна куќа, но исто така и како член на Советот на родители, лицето учествува во постапките за колективно осигурување на децата.

Имено, службено лице не смее да го користи својот статус како вработено лице во детската градинка и како член на Управниот одбор за да оствари корист за себе или за компанија во која има приватен интерес, односно согласно член 43 став 1 од Законот за установите **не може** да има лично, преку трето лице или по која било

основа, интереси во установата кои можат да имаат какво било влијание на неговата независност и непристрасност во управувањето со установата.
Согласно наведеното, секој член на органот на управување, односно директор на јавната установа, се должни да го предупредат основачот на постоењето на ваков интерес кај членовите на органот на управување.

Во врска со втората ситуација од барањето за мислење, членот на Управниот одбор ќе се најде или веќе е во состојба на судир на интереси согласно член 2 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси доколку не се изземал и не го пријавил приватниот интерес на блиското лице, кое пак има склучено договор со истата градинка за реализација на факултативни часови по физичко и здравствено воспитание и има финансиски интерес.

Имено, членот на Управниот одбор во ваква ситуација треба да постапува согласно член 75 став 1 од истиот закон, како и да ја почитува забраната за злоупотреба на службени податоци предвидена со член 50 од истиот закон и тоа:
„(1) Службено лице не смее да ги користи информациите со кои располага во вршењето на функциите, јавните овластувања и службените должности за остварување корист или предност за себе или за друг.
(2) Обврската од ставот (1) на овој член останува во рок од три години од денот на престанокот на функцијата, односно должноста, освен ако со закон е утврдено поинаку.
(3) Лицето од ставот (1) на овој член не смее да држи во тајност податоци што според овој или друг закон мораат да бидат објавени или да бара пристап кон податоци за кои знае дека не е овластен да ги добие или да се однесува несовесно кон чувањето на податоците што претставуваат тајна согласно со закон.“

При вршењето на јавни овластувања и службени должности кај секое службено лице треба да се има во предвид и Начелото на интегритет предвидено со член 4 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси:
„(1) Секој е должен во вршењето на функцијата, јавното овластување и службената должност да постапува совесно, стручно, одговорно, чесно, ефикасно и непристрасно.
(2) Службеното лице во извршувањето на јавните овластувања и должности е должно да ги почитува начелото на законитост, начелото на еднаквост, начелото на јавност, етичките норми и професионалните стандарди, без дискриминација или повластување на кој било со целосно почитување на јавниот интерес.

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

(3) Службеното лице во вршењето на својата функција е должно да внимава на евентуален судир на интереси и при извршувањето на јавните овластувања и должности не смее да се раководи од лични, семејни, верски, партиски и етнички интереси, ниту од притисоци и ветувања од претпоставениот или од друго лице“.

Претседател,

Адем Чучуљ